10.12.2007

Почитувани,

Во врска со Петицијата 2007 СТОП ЗА ЦЕРВИКАЛНИОТ КАНЦЕР ВО ЕВРОПА, чест и задоволство е да се каже дека Република Македонија превенцијата на цервикалниот канцер ја стави во агендата на приоритетните јавно-здравствени проблеми, мерки и активности...

Имено, Владата на Република Македонија во изминатите две години дава сесрдна политичка и финансиска поддршка за спроведување на специфична Превентивна програма за рано откривање на малигни неоплазми на гениталните органи кај жените.

Со Превентивната програма за рано откривање на малигни неоплазми на гениталните органи кај жените, посебен акцент се става на превенцијата на цервикалниот канцер преку спроведување на скрининг со ПАП тест кај 20% од неосигурените жени на возраст од 19-65 години, печатење на здравствено-пропаганден материјал и воспоставување на регистер за скрининг во рамките на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје.

За осигурените жени секоја жена има право на еден бесплатен преглед кај матичен гинеколог годишно, со што ќе обезбеди одржливост на овој процес на рано откривање на цервикалниот канцер.

Владата на Република Македонија преку Министерството за здравство, а во соработка со Македонското женско лоби и Комисијата за еднакви можности при Парламентот на Македонија, од 1 октомври започна да спроведува и Кампања за бесплатни превентивни прегледи под мотото НАДМУДРИ ГО РАКОТ - БИДИ ЗДРАВА ЖЕНА, со која се планира да бидат опфатени околу 20.000 жени над 15-годишна возраст, како здравствено осигурани, така и здравствено неосигурани. Во рамките на Кампањата освен ПАП-тестови, се спроведуваат и едукативни семинари со цел да се осигура дека сите жени се свесни за важноста на превенцијата и дека можат да ги користат целосно услугите кои им се овозможени. Кампањата буди голем интерес и засега одлично се одвива.

До сега се направени 12.000 ПАП тестови, а до крајот на декември се очекува таа бројка да достигне 20.000.

Нагласуваме дека во активностите за контрола на цервикалниот канцер активно се вклучени и многу невладини организации, групи за поддршка на пациенти и волонтери.

Република Македонија е спремна да ги размени своите искуства со други земји од Европа, но истотака ги поддржува и сите иницијативи за воспоставување на нови скрининг методи и вакцинација против Хуман Папиллома Вирус (ХПВ).